Република Северна Македонија
Министерство за финансии

ЗАКЛУЧОЦИ
од третиот дијалог за политиките на управување со јавни финансии,
одржан на 20 декември 2018 година

- Владата повторно ја потврди својата политичка заложба за спроведување на реформите за управување со јавните финансии (УЈФ) во координација со реформата на јавната администрација.
- Европската комисија, меѓународните финансиски институции, граѓанското општество и академската заедница ја ценат заложбата на Владата за водење редовен транспарентен дијалог на оперативно и на ниво на политики со сите релевантни засегнати страни и ја поздравуваат подготовката и претставувањето на првиот Нацрт-годишен извештај за следење на спроведувањето на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2018 година.
- Европската комисија, меѓународните финансиски институции, донаторите, граѓанското општество и академската заедница ги потврдуваат напорите на националните власти вложени во спроведување на Акцискиот план за 2018 година и ги поттикнуваат да го забрзаат реформскиот процес.
- Националните власти се обврзуваат да ги продолжат напорите за ефективно спроведување на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година (вклучувајќи ги и усвојувањето и спроведувањето на клучните правни акти и стратегии пренесени од претходниот акциски план, како што се: Законот за јавни набавки, новиот Закон за буџети, измените на Законот за јавен долг, новиот Закон за јавна внатрешна финансиска контрола (ЈВФК) и Стратегијата за ЈВФК, како и Стратегијата за реформа на даночниот систем), а воедно и да ги зголемат административните капацитети на сите институции во секторот.
- Европската комисија, меѓународните финансиски институции, донаторите, граѓанското општество и академската заедница го поздравуваат обезбедувањето на потребните средства во Буџетот за 2019 година со цел да се обезбеди спроведување на Акцискиот план за Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2019 година.

- Националните власти се обврзуваат на непосредна координација на сите стратегии и политики за потсистемите за УЈФ, како и со сите други релевантни национални стратегии.
- Министерството за финансии ќе продолжи да го координира отворениот и инклузивен дијалог за политиките за УЈФ со сите релевантни учесници, вклучувајќи ги и меѓународните финансиски институции, донаторите, граѓанското општество, академската заедница, итн. Следниот дијалог за политиките за УЈФ ќе се одржи по консултациите со ЕУ и МИОА, со цел состанокот да се одржи заедно со следниот состанок на Специјалната група за РЈА.

Скопје, 20 декември 2018 година